Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на измена на Одлукта за усвојување на Развојните програми на општина Македонска Каменица за 2025 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-183/1 **Градоначалник**
22.01.2025 г. **Димчо Атанасовски с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Р.М“ број 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 20 став 1 точка 4 од Статутот на општина Македонска Каменица („Службен гласник на општина Македонска Каменица“ број 20/2019, 38/20 година и 33/24) Советот на општина Македонска Каменица на 48^{та} седница одржана на ден 22.01.2025 година донесе:

О Д Л У К А

за усвојување на измена на Развојните програми на општина Македонска Каменица за 2025 година

Член 1

Советот на општина Македонска Каменица го усвои предлогот на Градоначалникот на општина Македонска Каменица за измена на Развојните програми на општина Македонска Каменица за 2025 година.

Предлогот на Градоначалникот на општина Македонска Каменица е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-184/1 **Совет на општина М.Каменица**
22.01.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Анета Стојчевска с.р**